# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Извештај од**

# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

**на**

**СОУ „Наум Наумовски - Борче”,**

**Пробиштип**

**за периодот 2020-2022 година**

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип

## Подрачје 1:  Наставни планови и програми

| |
|---|
| **Подрачје 1**<br>**Наставни планови и програми** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>➢ Реализација на наставните планови и програми<br>➢ Квалитет на наставните планови и програми<br>➢ Вонаставни активности |

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип

## Подрачје 1:  Наставни планови и програми

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| Годишна програма за работа на училиштето | СОУ ”Наум Наумовски - Борче” во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН, но сепак постојат разлики во квалитетот и начинот на реализација. Тие разлики произлегуваат од условите за работа кај различни предмети. Кај некои предмети постојат подобри услови за реализација на програмата (кабинетска настава), а кај некои наставата целосно се реализира, но условите за работа не задоволуваат. |
| Програма за работа на родителскиот совет<br>Програма за работа на Наставничкиот совет<br>Реализирани анкети<br>Дневник за работа<br>Записници од состаноци<br>Програма за работа на училишната заедница | За реализација на наставните планови и програми влијаат учениците, родителите, и наставниците со давање на свои предлози, коментари, критики и заклучоци кои се применуваат за поуспешно реализирање на наставата. Учениците преку своите знаења, умеења и активности (анкета за настава и оценување), родителите на средбите даваат забелешки и предлози за подобрување на квалитетот на наставата, а наставниците за време на состаноците ги искажуваат потребите за промена во наставата. |
| Извештај од реализација на Годишната програма за работа на училиштето | СОУ ”Наум Наумовски - Борче” во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН, со одредени отстапувања, наставните единици, проектните активности, содржините програмирани од училиштето ги прилагодуваме кон геолошките истражувања и рударството и потребите на практичната настава за Машинската струка. |
| Записниците од одржаните состаноци на Наставничкиот совет, Родителскиот совет, Училишниот одбор, Училишната заедница и Советот на паралелките | Наставните планови и програми им се достапни на учениците, наставниците и родителите преку Наставничкиот совет, Родителскиот совет, Училишниот одбор, Училишната заедница и Советот на паралелките. |
| Наставни програми<br>Распоред на часови<br>Анкетни ливчиња<br>Реализирани анкети | Учениците од прва до четврта година кои се запишани во гимназиско образование имаат можност да изберат две проектни активности од листата за избор, во вкупен фонд од 72 наставни часа. Во втора година избираат помеѓу латински јазик, информатичка технологија, алгебра, елементарна алгебра и геометрија, говорење и пишување и етика. Во трета година учениците бираат подрачје од природно математичкото, општествено хуманистичкото и јазично уметничкото подрачје, со пакети од изборни предмети, предвидени со планот и програмата на МОН. Избраното подрачје со пакетот на предмети го изучуваат и во четврта година.<br>Од учебната 2019/2020 година наставата во стручното образование, односно во машинската и геолошко–рударската струка се изведува согласно Концепцијата за модернизација на техничкото образование. Во стручните паралелки учениците имаат можност за избор на содржини програмирани од училиштето кои се изучуваат од прва до четврта |

| | |
|---|---|
| | година. Изборот се врши при запишувањето на годината, кога учениците пополнуваат анкетни ливчиња. |
| Извештај од реализација на Годишната програма за работа на училиштето<br>Формулари за набљудување на наставен час<br>Пишани документи | За подготвување и осовременување на наставните програми на наставниците им се дава стручна помош преку обука за примена на нови методи за активна настава и преку реализација на обука за примена на компјутерите во наставата, интеграција на еколошката едукација во наставата, примена на Образование за животни вештини на класен час, примена на стандарди и критериуми при оценувањето. Училиштето овозможува учество на сите семинари организирани од МОН и Бирото за развој на образованието по сите наставни предмети. |
| Записници од одржаните состаноци на стручните активи<br>Годишната програма за работа на училиштето | Можност за интегративен пристап кон содржините постојат во реализација на наставните предмети каде се врши споредување и корелација на наставните содржини на состаноците на стручните активи. |
| Програма за работа на Училишниот педагог<br>Програма за работа<br>Психолог<br>Годишна програма за работа | СОУ ”Наум Наумовски - Борче” реализира едукативни работилници по повод Светските денови на болестите ХИВ/СИДА и зависностите од droги, алкохол и пиење, преку најразновидни проекти кои што се реализираат преку наставните предмети и се настојува да на учениците им се подигне нивото на свеста за штетните последици од нивната злоупотреба. За таа цел во училиштето се реализираат многубројни активности и работилници спроведени од страна на педагошко-психолошката служба, во соработка со Црвен крст, инспектор за превенција при Полициска станица, Центар за јавно здравје Штип, доктори и претставници на невладини организации. Во склоп на претходно кажаното насловите на едукативни работилници се: ,,Спречување и борба против трговија со деца“, ,,Градење мир, сајбер булинг, градење на тим и доверба”, „Стоп на врсничкото насилство-ајде сите да другаруваме и спортуваме”, „Семејното насилство - неговите форми и препознавање на истото”, „Што е дијабетес и како да се заштитиме” во класовите од четврта година, при што учениците имаа можност да го измерат нивото на шеќерот во крвта, Борба против болестите на зависност, Сексуално преносливи заболувања, Безбедно на матурска вечер, Еко-Активизам.<br>Во рамките на проектот соработка на полицијата со локалното население во месец е одржана работилница со преставници од Советот на општина Пробиштип, претседателите на спортските клубови на општина Пробиштип, професорите по спорт и спортски активности и учениците од спортската гимназија со цел запознавање со Законот за спорт и Законот за спречување на насилство на спортски натпревари. Преку одредени наставни теми по биологија, социологија, спорт и спортски активности, посебно се обработуваат дел од односите меѓу половите и нивните сексуални врски, како и нивното репродуктивно здравје. Во согласност според можностите, училиштето ангажира и стручни лица од медицинскиот центар кои реализираат предавања и трибини на теми кои што се актуелни меѓу младата популација. Со воведување на наставната програма Образование на животни вештини на класен час се овозможува на учениците да им се доближат теми и проблеми со кои ќе се среќаваат во понатамошниот живот. |
| Наставна програма по Граганско образование<br>Годишната програма за работа на училиш- | Во гимназиското образование во склоп на проектните активности учениците имаат можност да бираат и проектна активност Граѓанска култура. Преку избирањето на таа проектна активност се вклучуваат во откривањето на проблемите во општествената средина и нивно правилно дефинирање. Со дефинирањето на општествените проблеми преку оваа активност, учениците придонесуваат и за нивно практично разрешување. Исто така преку интерактивната настава по |

| | |
|---|---|
| тето | предметот Граѓанско образование учениците организирано го согледуваат своето место како граѓани во ова општество, а истовремено ги прифаќаат своите права и одговорности во него.<br>Во рамките на проектот **Ученички иницијативи** на Центарот за стручно образование и обука, а финансиран од МЦГО, во кој беше вклучено нашето училиште со наставникот по граѓанско образование , учениците имаа можност да решат проблем кој што е актуелен во училиштето и кој што ги засега нив, се со цел да учениците преку учество и ангажирање во училиштето и заедницата, учат што значи да се биде активен граѓанин и истото да го практикуваат. |
| Програма за работа на Училишниот педагог<br>Програма за работа на училишниот психолог<br>Снимени материјали<br>Годишната програма за работа на училиштето | Вонннаставните активности се реализираат подеднакво и им се достапни и на машките и на женските ученици и тоа во следните области: спорт и спортски активности (кампување, скијање, пливање, планинарски марш), литературна секција, драмски активности, (посета на театарски претстави, саемот на книгата, Институтот за македонски јазик) природни науки (посета на Алкалоид, природно научен Музеј, фабриката Винчини, Сеизмолошки завод Изис). Учество на новогодишните работилниците, организирани од страна на Дом на културата Злетовски рудар. Учество и освоена награда за најинветивна маска на 10-от Пробиштипски маскенбал, насловена како "ПРОБИШТИПСКИТЕ БОЕМИ" изработена од ученици од $I_2$ клас и нивниот професор по ликовна уметност Ѓоко Антониев. Изработка на мозаик на часот по Ликовна уметност од учениците од паралелката $II_{1,}$ гимназиско образование и професорот м-р Ѓоко Антониев, и истиот ќе биде поставен на влезот во гимназиската зграда. |
| Годишната програма за работа на училиштето<br>Дневник за работа | На сите ученици подеднакво им се даваат можности да активно се вклучат во воннаставните активности во зависност од нивните интереси, способности и можности. |
| Голем број на награди и признанија од разни области | Реализацијата на воннаставните активности придонесува за здравјето и психофизичката способност на учениците, оспособени за вклучување во општествениот живот и надвор од училиштето. Исто така со постигнатите резултати од воннаставните активности се зголемува и угледот на училиштето во локалната средина и пошироко. |
| Годишната програма за работа на училиштето<br>Дневник за работа<br>Наставни програми<br>Индивидуални образовни планови | Инклузивното образование се согледува како процес во кој се одредува диверзитетот на потребите на сите ученици и тие се задоволуваат со помош на зголемено учество во процесот на учење, култури и заедници и со намалување на ексклузијата од образованието и образовниот процес.<br>Наставниот процес во СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип е инклузивен и безбеден, се изведува во физички безбедно окружување, почитување на различностите, антидискриминација и почитување на различностите.<br>Во СОУ „Наум Наумовски Борче” Пробиштип, запишани се тројца ученици со попреченост, со наод и мислење, кои се инклузирани во редовна настава:<br>1. Искра Зафирова, ученичка во трета година гимназиско образование,<br>2. Борче Боризовски, ученик во втора година машинска струка и<br>3. Роберто Ѓоргиевски ученик во втора година гимназиско образование.<br>На тројцата ученици им се доделени образовни асистенти преку програмата Општинско - корисната работа 2023 година, која се реализира преку општина Пробиштип. Образовните асистенти се ангажирани по 4 часа во училиштето, секој ден за време на наставата. |

| | |
|---|---|
| | За секој ученик наставниците имаат изработено Индивидуален ообразовен план (ИОП) по кој ја реализираат наставата со учениците со попреченост и истиот го имаат доставено кај педагошко-психолошката служба.<br>На ниво на училиште е формиран Инклузивен тим, но и за секој ученик со посебни потреби е формиран посебен инклузивен тим.<br>Инклузивните тимови се составени од директорот на училиштето, педагог, психолог, класен раководител, образовен асистент, родител на ученикот и предметен наставник. |

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Прашалник за наставници | Јулијана Стојановска - педагог<br>Дончо Петков<br>Емилка Ѓоргиева<br>Драѓе Станојковски<br>Давор Стојчовски | Дека наставните планови и програми ги опфаќаат припадниците на различни полови и етнички припадности, знае да се цени и дека подеднакво важат правилата за различните полови и етнички припадности наставниците се согласуваат со 91,02%, делумно не се согласуваат 8,98% .<br><br>Наставниците, на прашањето за правилата и очекувањата во училиштето, се изјасниле дека сите добро ги знаат и со 89,09 % одговориле дека се согласуваат, а додека со многу мал процент односно 10,91% не се согласуваат, односно, се изјасниле дека не ги знаат добро. |
| Прашалник за родители | Јулијана Стојановска - педагог<br>Дончо Петков<br>Емилка Ѓоргиева<br>Драѓе Станојковски<br>Давор Стојчовски | Дека наставните планови и програми ги опфаќаат различните полови и етнички припадности од 100 анкетирани родители со: се согласувам одговориле 89,21%, а додека делумно не се согласувам 10,79%, односно немаат изградено став по однос на тоа прашање или пак не се запознаени со истото. |
| Прашалник за ученици | Јулијана Стојановска - педагог<br>Дончо Петков<br>Емилка Ѓоргиева<br>Драѓе Станојковски<br>Давор Стојчовски | Дека наставните планови и програми ги опфаќаат припадниците на различни полови и етнички припадности, ученици со пречки во развојот, од 100 анкетирани ученици со: се согласувам одговориле 65,17%, додека само мал процент односно 10,47% не се согласуваат и незнам одговориле 20,35% . |

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Отвореност на училиштето за соработка со учениците и родителите за подобрување на квалитетот на наставата<br>✓ Постепено и постојано воведување на стратегии за активно следење на наставата од страна на учениците и примена на современи наставни средства, методи и форми на работа, како и примена на ИКТ во наставата |
| **Слабости**<br>✓ Недоволна опременост на училиштето со наставно нагледни и технички средства<br>✓ Недоволно реализирање на кабинетска настава.<br>✓ Промоција на колаборативни инклузивни практики |

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

**Анализа на резултатите**
**(Подетална евалуација на подрачјето Наставни планови и програми)**

Наставата во СОУ “Наум Наумовски – Борче” во Пробиштип во целост се реализира според наставните планови и програми. Сепак постојат одредени разлики во поглед на спроведувањето на наставата во поглед на квалитетот и начинот на реализација, во зависност од техничката опременост (кабинети) и во поглед на примената на активната настава. Со примената на активната настава во нашето училиште се зголеми успехот, се поттикнува свеста за самостојно и тимско работење. Се зголемува отвореноста кон наставниот процес преку увидот од страна на учениците и родителите, особено преку примената на е-дневникот. Наставните планови и програми се реализираат и доставуваат навремено. Учениците својот избор за наставните предмети и вонnаставните активности го остваруваат, откако претходно се добро информирани. Наставниот процес во СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип е инклузивен и безбеден, се изведува во физички безбедно окружување, почитување на различностите, антидискриминација и почитување на различностите.

Учениците имаат можност да бираат соодветни изборни програми и проектни активности. Преку работата на проектните активности, учениците ги остваруваат своите потреби и постигнуваат успеси кои се значајни за нашето училиште и го претставуваат училиштето пошироко. Примената на ИКТ во наставата исто така во голема мера се придонесува за подобрување на квалитетот на работата во училиштето, но треба да се земе во предвид и недоволната опременост на училиштето со наставни нагледни средства, кои што би придонеле за поквалитетно реализирање на наставните содржини и наставниот процес во целина. Со опремувањето и осовременувањето на интернет библиотека, збогатена со бројни лектирни изданија и современа литература, овозможено е да се организират трибини и работилници од најразлични области без да се ремети редовната настава. Сепак се чувствува недостаток од доопремување на училиштето со современи наставни средства и технички помагала. Предметните наставници се обучени за примена на активната настава и ИКТ во наставниот процес, но дел од нив по потреба и доколку налагаат условите сепак се придржуваат кон традиционалната настава без примена на ИКТ во наставата.

**Идни активности:**
**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ✓ Набавка на современи нагледни наставни средства и помагала
- ✓ Обуки за наставници за примена насовремени техники на учење и поучување и современи облици и форми на настава
- ✓ Опремување и модернизирање на кабинетската настава
- ✓ Поддршка на училиштето за изградба на стратешки документи за градење на инклузивно и безбедно окружение – физичко и социо-емотивно

## Подрачје 2:  Постигања на учениците

| Подрачје 2<br>Постигања на учениците |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>➢ Постигања на учениците<br>➢ Задржување/осипување на учениците<br>➢ Повторување на учениците |

## Подрачје 2:  Постигања на учениците

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| Годишна програма на училиштето<br>Годишна програма на активите<br>Дневник за работа | Училиштето има важна улога во подобрување на постигањата на учениците. Тоа го постигнува со ангажирање на соодветен наставен кадар, подобрување на просторните услови, примена на современи нагледни средства и литература, примена на ИКТ во наставата, примена на современи наставни облици, современи техники на учење и поучување, користење на додатна и дополнителна настава, организирање на наставно-научни екскурзии и посета на соодветни установи кои што допринесуваат за квалитетот на наставата. Исто така се превземаат активности за поголема редовност на учениците и поинтензивна и квалитетна соработка со родителите, а истовремено се поттикнува и активноста на стручните активи |
| Евиденција на училишната педагошка служба<br>Дневник за работа<br>Евиденција на менторите | Резултатите од анализата на успехот по полова припадност покажува дека подобри резултати во наставата постигнува женската популација. Во поглед на етничката припадноство последните години се забележува подобрување на успехот и редовноста кај ромската популација, кои во нашето училиште се во мал број, а тоа се должи на нивната се поголема едуцираност за важноста на образованието во животот и конкурентност на пазарот на трудот, како и напорите кои што ги вложува наставниот кадар. |
| Евиденција на училишната педагошка служба<br>Дневник за работа<br>Извештај од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето | Постигањата на учениците во поглед на успехот по предмети е доста хетероген. Најдобар успех е постигнат по предметите: спорт и спортски активности, ликовна уметност, математика со просек над 4,50. Успех од 3,15 има кај рударско-геолошките струка,а додека машинската струка има постигнато успех од 3,22. Во поглед на половата структура значително е подобар успехот кај женската популација, додека во однос на етничката припадност има само неколку ученика и тие се со добар успех. |
| Евиденција на училишната педагошка служба<br>Дневник за работа<br>Анализа на успехот и поведението | Споредувањето на резултатите од оценувањето на учениците по одделни класови и по наставни предмети со поширока анализа на успехот се врши на секое тромесечие, на состаноците на Советот на паралелките и Наставничкиот совет, Советот на родителите и Училишниот одбор. Во последните неколку години анализите покажуваат дека просечниот успех од година во година се подобрува. За одбележување е да се истакне дека подобар успех постигнуваат гимназиските паралелки, во споредба со успехот на паралелките од техничките струки. Средниот успех на училиштето изнесува 3,87 или пак за прва година 3,88, за втора 3,93, за трета 3,84 и за четврта 3,85. Во училиштето највисок среден просек на успехот е 4,82 на паралелката $IV_1$ и 4,73 на паралелката $III_1$, а со висок просек на успехот се одликуваат паралелките (над 3,50): $I_1$, $I_2$, $I_3$, $II_1$, $II_2$, $II_3$, додека со најслаб среден просек на успехот со 2,93 е паралелката $ГР_4$, а потоа следуваат: $МТ_4$ и $ГР_1$. Средниот просек на училиштето во однос на претходните години е повисок за 0,04% и изнесува 3,87.<br>Изостаноците како вкупен број 12384, се помалку од претходната учебна година (8525). Една од причините е поголемата контрола во училиштето, навременото изрекување и почитување на педагошките мерки што позитивно се одрази |

| | |
|---|---|
| | на зголемувањето на успехот и дисциплината кај учениците. Со најмал број изостаноци е паралелката $III_2$ со 212 изостаноци, а потоа следуваат паралелките: $I_2$, $I_3$, $II_1$, $III_1$, а додека со најголем број на изостаноци се паралелките: $ГР_3$, $МТ_3$, $ГР_1$, $МТ_4$, $III_4$ и $ГР_4$.<br>При оценуцањето да се следат современите методи на оценување како во европските земји**.** |
| Евиденција на училишната педагошка служба<br>Дневник за работа | За учениците кои покажуваат потешкотии во учењето односно учениците кои имаат посебни образовни потреби (ученици со наод и мислење), секој професор изработува ИОП (индивидуален образовен план), по кој ја реализира наставата за истите ученици, и истиот содржи критериуми за оценување кои одговараат на нивните можности и способности. За секој ученик е формиран Инклузивен тим кој го следи напредокот на ученикот и го олеснува процесот на адаптација во училишната средина. |
| Извештај од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето | Образовниот циклус во нашето училиште го завршуваат над 99% од сите запишани ученици. Мал број ученици во текот на некоја учебна година го напуштаат образовниот процес. Тоа се случува поради заминување во странство со родителите, премин во друго училиште или самоиницијативно прекинување школувањето и премин во вонредни ученици. |
| Извештај од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето | До овој период не е евидентирано осипување на групи ученици по полова или етничка припадност од училиштето поради економски проблеми. |
| Записници од состаноци на Наставничкиот совет | Осипување на учениците поради економски причини не е евидентирано, но е евидентирано осипување на ученици заради постоење на поатрактивни струки во други градови. За да се задржат учениците се оди кон отварање на атрактивни струки во нашето училиште, како и на поинтензивна кампања при упис во прва година. |
| Извештај од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето<br>Дневник за работа | Од вкупниот број на ученици во 2021/2022 година нема повторувачи, додека имаше еден ученик неоценет по одделни предмети и истиот полагаше класни испити по истите за премин во наредната година. |
| Записници од состаноци на Наставничкиот совет<br>Статутот на училиштето | Во училиштето отсекогаш биле присутни меродавни постапки, процедури да им се овозможи правото на поднесување на приговори, жалби, доколку тие ученици или нивните родители се незадоволни. При тоа на голем број ученици прговорите и жалбите им се решавани во нивна полза. Овие процедури се регулирани и со Статутот на училиштето. |

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип

## Подрачје 2:  Постигања на учениците

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Анкета за наставници | Сузана Заровска<br>Јасмина Тоневска<br>Стамен Јовановски<br>Александар Богатинов<br>Николче Душанов | На прашањето дали правилата и очекувањата се јасни и сите во училиштето добро ги знаат 81,09 % од наставниците одговориле дека се согласуваат.<br>93 % од наставниците се согласуваат дека примерното однесување се прифаќа и знае да се цени.<br>92,58 % од наставниците се согласуваат дека последиците од прекршувањето на училишните правила се фер и постојано се применуваат. |
| Анкета за родители | Сузана Заровска<br>Јасмина Тоневска<br>Стамен Јовановски<br>Александар Богатинов<br>Николче Душанов | На прашањата дека училишните правила се фер и еднакво важат за сите, дека наставниците користат методи за решавање на проблемите отколку казнени реакции и дека во училиштето секој има одговорност да гледа да се почитуваат училишните правила, родителите на одговориле со висок процент односно со 7,50%, 85,06% и 61,87%.<br>На прашањето дека секоја верска заедница и национални малцинства се почитувани во ова училиште, 89,29% одговориле дека се согласуваат, а додека 10,71% одговориле не знам, односно не се запознаени со истото. |
| Анкета за ученици | Сузана Заровска<br>Јасмина Тоневска<br>Стамен Јовановски<br>Александар Богатинов<br>Николче Душанов | Дека сите ученици, вклучувајќи ги и оние со пречки во развојот, различни националности и сл. се запознаени со училишните правила и дека тие се видно истакнати во училиштето, учениците со 83,19% и 70,07% одговориле дека се согласуваат, а сосема мал е процентот на одговорите дека не се согласуваат односно 7,25% и 12,21%.<br>На прашањето: наставниците не избегнуваат да ја пофалат мојата работа, со се согласувам одговориле 80,61 % на ученици, а додека 19,17% одговориле не знам. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>✓ Континуирана анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците по паралелки, подрачја, струки, вид на образование и среден просек на успехот на наставниците<br><br>✓ Мал број на повторувани ученици и разгледување на жалби и приговори од незадоволни ученици во однос на успехот и поведението<br><br>✓ Образовниот циклус во училиштето го завршуваат над 99 % од запишаните ученици |
| **Слабости**<br><br>✓ Слаб успех на учениците од стручното образование, а посебно кај паралелките од машинската струка и геолошко – рударската струка<br><br>✓ Стихијно иселување на семејствата од локалната заедница од економски причини<br><br>✓ Непостоењето на атрактивни струки кои ќе привлечат ученици од градовите кои гравитираат кон нашиот град и задржување на локалните ученици<br><br>✓ Континуирано намалување на бројот на запишани ученици во прва година во училиштето |

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип

## Подрачје 2: Постигања на учениците

### Анализа на резултатите
### (Подетална евалуација на подрачјето Постигања на учениците)

Постигањата на учениците се во постојана паралела во однос на тоа што нуди училиштето, соодветниот наставен кадар, примената на современи наставни нагледни средства, набавка на современа стручна литература и лектирни изданија, користење на ИКТ во наставата, примена на додатната и дополнителната настава. Исто така и постојаните и редовни средби со родителите, овозможува следење на успехот и редовноста на учениците од страна на родителите. Со примената на новите методи, активната настава и ИКТ во наставата се подобри и средниот просек на успехот во училиштето, подобар успех се забележува кај женската популација, а зголемен е и успехот на припадниците од ромска националност. Минималното зголемување на средниот просек на успехот на училиштето сметаме дека е резултат на применуваната активна настава (иако е комбинирана со традиционалната), со која учениците станаа помобилни и посвесни за својата улога и место во училиштето и наставниот процес, при што тие станаа активен субјект во истиот, а односот ученик - професор се измени во благопријатна и позитивна смисла, како и на примената на евидентните листови, со што се врши континуирано и објективно следење на успехот и редовноста на учениците. За понатамошно подобрување на успехот потребно е организирање и реализирање на дополнителна обука на наставниот кадар за примена на активната настава, современи методи и техники на учење и поучување во наставниот процес. Во поглед на успехот подобри се гимназиските паралелки од стручните, а успехот по предмети е хетероген. Со постојаните анализи и следење на успехот од страна на наставниците на состаноците на Наставничкиот совет, месечно и по класификациони периоди, полугодие, годишно, се влијае на подобрување на истиот. Мал број на ученици не го завршуваат образовниот процес, а оние ученици со проблеми и слаб успех имаат можност на приговори и разгледување на истиот од страна на Наставничкиот совет. Во последно време училиштето се соочува со намалување на бројот на запишани ученици поради стихијното иселување на семејствата од локалната заедница и постоењето на атрактивни струки во другите градови. Послабиот успех на учениците од стручното образование, покрај влијанието на влезниот успех (кој е послаб од оној во гимназиските паралелки) во одредена мера е последица и на слабата заинтересираност на учениците и недоволната мотивираност.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ✓ Набавка на современа стручна литература и лектирни изданија
- ✓ Доопремување на кабинетите и работилницата
- ✓ Отварање на атрактивни струки кои ќе привлечат ученици од околните градови и ќе ги задржат локалните ученици

## Подрачје 3:  Учење и настава

| **Подрачје 3**<br><br>**Учење и настава** |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>➢ Планирање на наставниците<br>➢ Наставен процес<br>➢ Искуства на учениците од учењето<br>➢ Задоволување на потребите на учениците<br>➢ Оценување (како дел од наставата)<br>➢ Известување за напредокот на учениците |

## Подрачје 3: Учење и настава

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информаци** |
| Годишна програма за работа на училиштето. Евиденција на педагошко-психолошката служба | За реализација на наставните планови и програми наставниците изготвуваат годишен глобален план, тематски планирања и дневни подготовки за час. Планирањето и подготовките на наставниците го следат директорот, педагогот и психологот. Тие преку посети на наставните часови ја контролираат реализацијата на наставата, а со тоа и на планирањето и подготовките. |
| План за акција за примена на стандардите за оценување, евиденција на педагошко-психолошката служба | Наставниците користат индивидуални дневни подготовки со интегрирано оценување кои содржат јасни насоки за одвивање на наставниот час (цели, артикулација на часот, формативно оценување, потреба од дополнителна и додатна настава, домашни задачи, рефлективен осврт и друго). При планирањето наставниците имаат подршка од директорот и во поглед на материјалните средства (хартија и фотокопирање), а училиштето има обезбедено компјутери и интернет-мрежа за сите наставници. |
| Годишна програма за работа на училиштето - план за акција за примена на стандардите за оценување.<br>План за работа на стручните активи | За подобрување на квалитетот на наставното планирање наставниците разменуваат искуства, идеи и информации преку меѓусебни консултации и посети на наставни часови, соработка во стручните активи, користење на интернет мрежата, како и консултации со советниците од соодветниот наставен предмет за наставното планирање. |
| Распоред на часови | СОУ „Наум Наумовски-Борче” има изготвен функционален распоред на часовите кој е во интерес и на учениците и на наставниците. |
| Годишна програма за работа на училиштето | Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик. |
| Подготовки за наставен час, евиденција на педагошко-психолошката служба | При реализација на наставните часови дел од наставниците изведуваат настава со примена на разновидни форми и методи, како и методи за активна и интерактивна настава, вклучувајќи ја достапната интернет мрежа. Притоа, преку индивидуална работа, работа во парови и мали групи, учениците се вклучени во решавање на проблеми, вклучени се во истражувања, работа на проекти, донесуваат сопствени заклучоци и заземаат сопствени ставови при дебати и дискусии, разменуваат искуства и имаат поголема слобода во наставниот процес. Со тоа тие имаат можност за развој на критичкото мислење и подобрување на вештините за учење. |
| Сертификати за учество на обука на наставници за примена на ИКТ во наставата | Сите наставници (освен ново вработените) имаат посетено обука за примена на ИКТ во наставата. Дел од наставниците ја користат компјутерската техника како современ метод при реализацијана наставниот процес, но се јавуваат проблеми околу застареноста на компјутерската технологија и квалитетот на инернет мрежата. |

| | |
|---|---|
| Индивидуални подготовки за наставен час | Наставниците користат добро испланирани задачи во согласност со наставните теми и образовните потреби на учениците. Притоа се користат позитивни приоди за поттикнување и мотивација на учениците за активно учество во наставата (споделување на целите и очекуваните исходи). |
| Годишна програма за работа на училиштето.<br>Евиденција на педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето | Кај поголем дел од наставниците е извршена посета на часовите од страна на директорот и педагошко-психолошката служба. Притоа е утврдено дека наставниците имаат дневни подготовки за час, професионално ја извршуваат својата работа, како и дека постои заемно почитување меѓу наставниците и учениците, помош и соработка. Не постои случај на правење разлика по етничка, полова и религиска припадност, како и социјално потекло. |
| Дискусии со наставниците.<br>Записници од Наставнички совет | Потребна е подетална пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. |
| Годишна програма за работа на училиштето.<br>Изработени материјали од учениците.<br>Наставни планови и програми по соодветни предмети.<br>Ученички досиеја | СОУ „Наум Наумовски-Борче” располага со потребните простории и услови за изведување на ефикасна редовна настава, дополнителна и додатна настава и дел од практичната настава. Наставата се изведува во една смена. Сите трудови на учениците се истакнати на видно место во училишните простории и локалната заедница за време на празници и датуми значајни за училиштето и локалната заедница. Наставата се изведува според наставните планови и програми, а наставниците користат и дополнителни материјали и ресурси со кои ги поттикнуваат учениците за самостојна работа и развој на критичкото мислење, како и за примена на наученото во секојдневниот живот. |
| Разговори и дискусии со учениците, наставниците и родителите | Учениците истакнуваат дека училиштето ги исполнува можностите за изведување на настава, атмосферата за работа и престој во училиштето е добра. Односите меѓу наставниците и учениците меѓусебно се добри. Тие имаат можност да ги искажат своите мислења и да ги наведат своите потреби за време на класните часови, како и во разговори со педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето. Постои комуникација и соработка меѓу учениците и училишниот персонал. Училиштето има потреба од просторија за исхрана на учениците во зимскиот период. |
| Годишна програма за работа на училиштето.<br>Евиденција на училишната педагошко-психолошка служба.<br>Материјали од истражувања и проекти | Со анкетирање на учениците за проектните активности, содржините програмирани од училиштето, изборните предмети и подрачја се идентификуваат потребите на учениците. Истовремено со изборот на теми за проекти учениците ги искажуваат своите образовни потреби и желби. За реализација на истражувачките работи учениците имаат неограничен пристап кон интернет мрежата. |
| Годишна програма за работа на училиштето.<br>Статут на училиштето.<br>Записници од состаноци на Наставничкиот совет | Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана училишна политика и критериуми за оценување, кои го поддржуваат учењето на секој ученик, а со истите се запознаени и родителите. |
| Етички кодекс за оценување на учениците | Училиштето има изработен Етички кодекс за оценување на учениците, а секој наставник е должен, при оценувањето на учениците, да се води според Стандардите и критериумите што и има наведено во наставните распределенија. |

| | |
|---|---|
| Потврда за учество на обука.<br>Изработени планови за оценување и вреднување на учениците, изработени тестови, забелешки за усни одговори, дневник на паралелката.<br>План за акција за примена на стандардите за оценување | Сите наставници се обучени за Примена на стандардите за оценување. Истите наставниците ги применуваат разните методи и инструменти за формативно и сумативно оценување. Со тоа е овозможена целосна анализа на наставните содржини, можностите на учениците и избор на соодветни методи за оценување, како и вклучување на учениците во оценувањето. |
| Забелешки за повратните информации на наставниците и размислувања за ефектите од нив<br>План за акција за примена на стандардите за оценување | Интензивирано е давањето на повратни информации во соодветен облик со акцент на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и наставата. |
| Е-дневникот на училиштето | Евиденција за оценките, вкупните постигања и напредокот на учениците се евидентираат во Е-дневникот на училиштето со кој се запознаени и имаат увид и учениците, наставниците и родителите. |
| Дневник за работа<br>Записници од родителски средби | Родителите на родителските средби или на индивидуалните консултативните средби се информираат за успехот, редовноста, поведението и дисциплината на учениците и нивните постигања. |
| Евиденција на училишната педагошко-психолошка служба<br>Дневник за работа<br>Евидентни листови за напредокот на учениците | Училиштето ги информира родителите за постигањата на учениците преку писмени документи, индивидуални, усни разговори со раководителите на паралелки, предметните наставници и педагошко-психолошката служба на консултативни состаноци или родителски средби (формални или неформални). |
| Анализи на педагошко-психолошката служба<br>Развојни цели | Постои потреба од утврдување на поефикасен систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Развојни цели | Преуредената и современо дизајнирана интернет страна на училиштето овозможува поефикасно информирање на родителите за напредокот и постигањата на учениците, како и за сите тековни активности на наставниците и учениците (прикачување на сите материјали од училишните активности). |
| Извештај од реализација на Годишната програма<br>Записници од состаноци на Наставничкиот совет | Стимулацијата и мотивацијата училиштето ја врши преку прогласување на најдобри паралелки по успех и редовност, врши испраќање на организирани научни и спортски натпревари, учениците со освоени награди јавно ги промовира и наградува на денот на училиштето и денот на просветните работници, а посебно учениците од завршните години преку избор прогласување и наградување на ученици по подрачја и струки како и прогласување на ученик на генерацијата. Ученикот на генерацијата добива стипендија за првата студиска година од страна на локалната самоуправа. |

## Подрачје 3:  Учење и настава

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Анкетен лист за ученици во однос на оценувањето на учениците | Надица Милосова<br>Елвира Јакимовска<br>Силвана Славевска<br>Силвија Сарафимова<br>Иле Петровски | 63% од учениците се задоволни од начинот на оценување на професорите, но тоа може и да се подобри<br>59 % од учениците одговориле дека континуитетот во оценувањето во текот на наставната година зависи од наставникот<br>47% одговориле дека оценувањето главно се врши преку усни одговори<br>63,10% одговориле дека добиваат повратни информации само од неколку професори<br>70,16% од учениците истакнуваат дека оценувањето е транспарентно<br>59,63% од учениците истакнуваат дека професорите оценуваат реално<br>За 75,02% од учениците при оценувањето најмногу влијае знаењето на ученикот<br>49% од учениците се оценувани најреално на крајот од првиот класификационен период<br>65% од учениците не сакаат наставниците да имаат љубимци меѓу учениците<br>80,05% сакаат оценката да биде образложена |

## Подрачје 3:  Учење и настава

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Соработка и координација во работата на стручните активи<br>✓ Размена на искуства помеѓу предметните наставницин и учениците при реализацијата на активна настава и примената на методите за и оценување<br>✓ Јавно презентирање промовирње на постигнатите резултати и изработени трудови<br>✓ Доделување на истражувачки активности и задачи на учениците<br>✓ Компјутер за секој ученик и секој наставник, достапна интернет мрежа<br>✓ Обучени наставници за примена на активна настава, современи техники и методи на учење и поучување, наставно планирање, ИКТ и примена на стандардите за оценување<br>✓ Правилна идентификација и грижа за потребите на учениците |
| **Слабости**<br>✓ Недоволни материјални средства за стимулирање на најдобрите ученици и паралелки<br>✓ Потребна е  обука на нововработените наставници за активна настава и  примена на современи техники и методи на учење и поучување |

## Подрачје 3: Учење и настава

| Анализа на резултатите<br>(Подетална евалуација на подрачјето Учење и настава) |
|---|
| За реализација на наставните планови и програми наставниците изготвуваат годишен глобален план, тематски планирања и дневни подготовки за час со интегрирано оценување, контролирано од директорот и педагошко-психолошката служба. За подобрување на квалитетот на наставата наставниците се подржуваат во материјални средства (хартија и фотокопирање). Училиштето располага со соодветни простории за изведување на редовна, дополнителна и додатна нстава, како и со компјутери и интернет-мрежа кои се достапни за сите ученици и наставници, што е од голема помош при истражувањето и работата и на учениците и на наставниците**.** Голем дел од наставниците се едуцирани за изведување на активна настава, примена на современи техники и методи на учење и поучување, наставно планирање, примена на ИКТ во наставата и примена на стандардите за оценување, со што многу е подобрен процесот на учење и настава. Исто така изготвен е и Етички кодекс за оценување на учениците. Наставниците професионално ја извршуваат својата работа, постои заемно почитување меѓу наставниците и учениците, помош и соработка. Меѓучовечките односи, комуникацијата, атмосферата за работа и престој во училиштето е подобрена и не постои случај на правење разлика по етничка, полова и религиска припадност, како и социјално потекло. При реализацијата на активната настава, наставниците се советувани од наставникот ментор. Учениците добиваат можност да бидат вклучени во наставата како активни субјекти, да заземаат лични ставови, да донесуваат заклучоци, да истражуваат групно и самостојно да преземаат лична одговорност. Преку анкетирање на учениците за проектните активности и содржините на училиштето се идентификуваат потребите на учениците. Во сето тоа битен стимулативен фактор е јавното промовирање и истакнување на постигнатите резултти и активности кои мотивационо влијаат за успешна понатамошната работа кај учениците и наставниците. За подобрување на квалитетот во наставата потребен е постојан професионален развој на наставниците, особено на нововработените наставници, со што се иницира и мотивира современ поглед на наставниот процес и наставата, комуникацијата со учениците и родителите. Сепак постои потреба од дефинирање на училишна политика и критериуми за оценување што ќе го подржи учењето на секој ученик и запознавање на родителите со критериумите, изготвување на детална пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и утврдување на ефикасен систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Овој сегмент е вграден во Годишната програма за работа на училиштето, во делот на потребни развојни промени во животот на училиштето. Поради потребите од евиденција на постигањата на учениците во Е-дневникот училиштето распоолага со сопствена на web-страна. Сепак, можеби и поради социјално-економската ситуација, училиштето има став дека е потребно да се поттикне свеста кај родителите за поголемо учество во следење на работата и животот на нивните деца. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>✓ Утврдување на ефикасен систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца |

## Подрачје 4:  Поддршка на учениците

| Подрачје 4<br><br>**Поддршка на учениците** |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>➢ Севкупна грижа за учениците<br>➢ Здравјето и постконфликтните трауми<br>➢ Советодавна помош на учениците<br>➢ Следење на напредокот |

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| Извод од трезорска сметка<br>Одлука на Советот на родители<br>Одлука на училишниот одбор<br>Дневник за работа<br>Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба | Од страна на наставниците и педагошко-психолошка служба во училиштето, учениците постојано се следат во однос на успехот и нивното однесување, при што добрите страни се потенцираат и воздигнуваат, а слабите се негираат или се преземаат соодветни педагошки мерки. На наставните часови по спорт и спортските активности се следи физичкиот развој и активностите на машките и женските ученици. |
| Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба | За учениците за кои постои сомневање дека се ментално и физички злоупотребувани известувањето го врши педагошко-психолошка служба во училиштето. Не постојат инструменти за оценување на емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците. |
| Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба | Известувањата за учениците со физички и ментални здравствени проблеми како и за оние со посебни образовни потреби и пост-конфликтни трауми се откриваат и даваат со медицински извештаи и друга училишна документација доколку учениците доаѓаат од паралелки за ученици со посебни потреби. |
| Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба<br>Записници од одржани состаноци | Според Статутот на училиштето и Кодексот за однесување на ученици и наставници, за учениците кај кои се идентификувани постконфликтни трауми се организираат состаноци на Ученичката заедница на паралелката, состаноци на кои присуствуваат класните раководители, педагогот, психологот, предметните наставници, ученици и родител на ученикот, состанок на Советот на паралелката, состанок на Наставничкиот совет или се препраќаат до соодветни социјални установи. |
| Дневник за работа<br>Статут на училиштето | Учениците се упатуваат на испит на годината или им се дозволуваат вонредни сесии за полагањена испити, доколку поради здравствени проблеми не можеле да ја следат наставата. |
| Наставни програми<br>Слики | При изведувањето на практичната настава во машинската, геолошката и рударската струка се користат посебни заштитни мерки како: носење на заштитна облека, чизми, ракавици, заштитни очила (примена на лични и колективни заштитни средства), кои во најголем дел се обезбедени од страна на училиштето и спонзорства од фабриката ТАБ МАК и рудникот за олово и цинк БУЛ-МАК.<br>За потребите на Спортската гимназија од страна на училиштето е обезбедена современа спортска опрема, а е ставена на располагање и се користи и новата спортска сала |
| Евиденција на училишната педагошко – психолошка служба<br>Дневник за работа | Информирањето на учениците и родителите за помошта што може да ја добијат од педагошко-психолошката служба во училиштето се врши писмено по пошта или преку класните раководители на класен час и родителски средби. |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето | Училиштето овозможува одржување на презентации од различни факултети пред крајот на учебната година за учениците од завршните години. |
| Дневник за работа<br>Извештај од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето | Училиштето постојано води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност, нивното поведение и развој во училиштето. |
| Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба<br>Дневник за работа | Евиденцијата за учениците им е достапна на сите наставници, а преку класните раководители достапна е и за учениците и за родителите. |
| Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба<br>Дневник за работа | Од евиденцијата се согледува успехот, редовноста и дисциплината, а врз основа на тоа се организира дополнителната и додатната настава, а по потреба се изрекуваат соодветни педагошки мерки. Во локалната заедница не постои посебна советодавна служба за професионална ориентација, а дел од оваа улога по сопствено убедување ја врши педагошко-психолошката служба, раководителите на паралелките, со насочување на учениците кон одредени професии и занимања, според нивните амбиции и способности. |
| Ученички досиеа<br>Евиденција на училишната педагошко - психолошка служба | При премин на ученик од едно во друго училиште се даваат или добиваат свидетелства за завршено образование, евидентен лист и исписница во која се содржат оценките од тековната година, евентуалното изостанување на ученикот и неговото поведение. |

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

| Собирање на информации | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Прашалник за наставници | Митевска Љупка-психолог<br>Ирена Ј. Панова<br>Боре Цветковски<br>Катерина Спировска<br>Дојча Арсов | СОУ „Наум Наумовски-Борче” води грижа за благосостојбата и заштитата на учениците од различен пол и со различни образовни потреби. На прашањето дека секој може да биде успешен во ова училиште од 44 анкетирани наставници со се согласувам одговориле 93,02% од наставниците.<br>На прашањето дека примерното однесување се прифаќа, се цени и се наградува, 91% од анкетираните наставниците одговориле дека се согласуваат.<br>На прашањето дека училиштето има соодветни извори на помош за учениците на кои итно им е потребна, со се согласувам одговориле 53,65% од наставниците, додека наставници кои не се согласуваат се 24,15%, а 22,2% од наставниците немаат изградено однос по тоа прашање. |
| Прашалник за родители | Митевска Љупка-психолог<br>Ирена Ј. Панова<br>Боре Цветковски<br>Катерина Спировска<br>Дојча Арсов | СОУ „Наум Наумовски-Борче” води грижа за благосостојбата и заштитата на учениците од различен пол и со различни образовни потреби. На прашањето дали учениците се чувствуваат физички и психички сигурни од 100 анкетирани родители 85,21% се согласуваат, делумно се согласуваат 14,77%.<br>На прашањето дали се почитуваат националните малцинства и секоја верска заедница 89,29% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, додека 10,71% одговориле незнам, односно не се запознаени со истото.<br>На прашањето дали постојат прецизни процедури за постапување во случај на опасност 64,27% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат. |
| Прашалник за ученици | Митевска Љупка-психолог<br>Ирена Ј. Панова<br>Боре Цветковски<br>Катерина Спировска<br>Дојча Арсов | СОУ „Наум Наумовски-Борче” води грижа за благосостојбата и заштитата на учениците од различен пол и со различни образовни потреби. На прашањето дали секој може да биде успешен во ова училиште од 100 анкетирани ученици 75,86% одговориле дека се согласуваат.<br>На прашањето дали кога се во неволја секогаш има некој да им помогне 80,09% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат.<br>На прашањето дали се чуствуваат безбедни во училиштето, 90,01% одговориле дека се согласуваат. |

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче", Пробиштип

## Подрачје 4:  Поддршка на учениците

| Резултати |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Еднакво обезбедување на грижа и заштита на учениците од различен пол и со посебни образовни потреби<br>✓ Навремено известување на родителите за подршката и помошта што може да ја добијат<br>✓ Достапност и слободен пристап до евиденцијата за учениците |
| **Слабости**<br>✓ Не постојат инструменти за оценување на емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците<br>✓ **Слаба опременост со против пожарни апарати и автоматски прскалки за гасење со вода**<br>✓ Недоволен надзор и контрола на училишните објекти (училишните згради и спортските сали) |

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

| |
|---|
| **Анализа на резултатите**<br>**(Подетална евалуација на подрачјето Поддршка на учениците)** |
| Учениците се постојано следени во поглед на успехот и нивното однеување при што добрите страни се потенцираат и воздигнуваат, а за слабите страни се преземаат соодветни педагошки мерки. Учениците се следат во поглед на нивниот физички развој, а исто така и во поглед на психичкото здравје. За сите ментални недостатоци, пост - конфликтни трауми се реагира навремено со известување на родител, педагог, психолог и социјални и здравствени установи. Информирањето на родителите се врши континуирано преку родителски состаноци, индивидуални средби со родителот или покана по пошта. Евиденцијата се води во училиштето преку класна и педагошка евиденција, во која се опфатени редовноста, успехот и дисциплината и врз основа на тоа се организира додатната и дополнителната настава. Но, сепак може да се каже дека немаме доволно инструменти за оценување на емоционалните, физичките и специјалните потреби на учениците. Педагошко-психолошката служба во училиштето овозможува учениците да добиваат стручна помош во поглед на изборот високото образование или пак идна професија. Во училиштето постои и Центар за кариера кој нуди помош за обука за професионална биографија, мотивационо писмо, активно барање на работа и упатства и совети за волонтирање. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>✓ Опремување со против пожарни апарати и автоматски прскалки за гасење со вода<br><br>✓ Подобрување надзоророт и контролата на училишните објекти (училишните згради и спортските сали)<br><br>✓ Потребна е обука на наставниот кадар за поголема помош на учениците во поглед на професионалната ориентација, за оценување на емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците |

## Подрачје 5:  Училишна клима и односи во училиштето

| |
|---|
| **Подрачје 5**<br><br>**Училишн клима и односи во училиштето** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>➢ Училишна клима и односи во училиштето<br><br>➢ Промовирање на постигањата<br><br>➢ Еднаквост и правичност<br><br>➢ Соработка со родителите и со локалната заедница |

## Подрачје 5: Училишна клима клима и односи во училиштето

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| Кодекс за однесување на ученици и наставници | Односот меѓу наставниците, како и односот меѓу наставниците и учениците во училиштето, традиционално, се базира на меѓусебно почитување, чувство на сигурност, ефикасна работа и взаемна одговорност. |
| Евиденција на педагошката служба | Бројот на учениците од друго етничко потекло во нашето училиште е мал, изнесува 10 ученика или 3,38% од вкупниот број на ученици. Можеби, поради вака малиот број на ученици со различно етничко потекло, во нашето училиште не се чувствува никаква разлика во почитувањето меѓу учениците од различно етничко потекло, уште помалку меѓу учениците од ист и различен пол. |
| Дневник за работа<br>Извештајот за реализација на Годишната програма | Редовноста на учениците во наставниот процес во учебната 2021-2022 година може да се види од бројот на изостаноци. Вкупниот број изостаноци на крајот од учебна година изнесува 12384 (41,97 пресметувано по ученик), а додека во овој период минатата учебна година (2020-2021г.) бројот на изостаноци изнесувал 8525 (или 28,41 по ученик), кога наставата започна од 5 октомври. Изостаноците на крајот од учебната 2019/2020 година изнесува 14577 (или 50,79 по ученик). Ако направиме споредба со бројот на изостаноци на крајот од учебните 2018/2019 - 18874 (или 64,63 по ученик) и 2017/2018 - 22706 (или 73,009 по ученик) година, кога наставата се изведуваше со физичко присуство, ќе забележиме дека имаме намалување на бројот на изостаноци кај учениците. Причината за намалување на бројот на изостаноци е резултат на редовното следење на наставата со физичко присуство. При тоа треба да се напомене дека условите во кои што се изведува наставата оваа учебна година во споредба со изведувањето на наставата од минатата учебна година не е ист. Минатата учебна година наставата започна подоцна, а додека сега оваа учебна година наставата започна од 1 септември но распуст на учениците беше продолжен и второт полугодие започна на 1 февруари и се реализираше со физичко присуство. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Статут на училиштето<br>Евиденција на педагошката служба | СОУ „Наум Наумовски-Борче” е отворено за соработка со надворешни лица преку реализација на практичната настава, соработката со здравствениот дом, соработка со полицијата, регионалните основни училишта, со Црвен крст, со советодавната група на граѓани, соработка со центарот за социјална работа, како и соработка со локалната самоуправа и невладини организации. |
| Извештајот за реализација на Годишната програмата<br>Анализа на успехот<br>Снимени и пишани материјали | Меѓусебното почитување и резултатите што ги постигнуваат учениците на зонските и републичките натпревари, овозможуваат наставниците и учениците да бидат горди на своето училиште. |

| | |
|---|---|
| Снимени и пишани материјали | Постигнувањата и активностите кои ги спроведуваат учениците, преку приредбите за Денот на училиштето, учество во хуманитарни настани организирани од страна на Црвениот крст, учество во невладини проекти, на најдобар начин се промовираат, рекламираат преку web страната на училиштето, локалните медиуми, објавување на web страна на интернет. |
| Критериуми и инструменти за следење на работата на предметните наставници | Изготвувањето на критериуми и инструменти за следење на работата, од страна на училиштето, на предметните наставници им е овозможено подеднакво да ги третираат сите ученици. |
| Годишна програма за работа на училиштето | Со постојана контрола од страна на директорот, психологот и педагогот на училиштето се настојува сите ученици да добиваат ист третман. |
| Дневник за работа<br>Извештајот за реализација на Годишната програма<br>Записник од Советот на родители<br>Снимени и пишани материјали<br>Годишната програма на психолог<br>Годишната програма на педагог | Со навремено одржување на родителските средби училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца, а преку претставниците во Советот на родителите тие активно се вклучуваат во работата на училиштето. Исто така сите изработени проекти се презентираат пред претставници од родителите и локалната заедница. Педагошко-психолошката служба преку советодавна - консултативна работа со родителите се труди да ги вклучи многу повеќе во образовниот систем преку изготвување на информативен материјал се со цел информирање на родителите за иновациите во наставата во реформираното гимназиско образование и модуларното образование во техничките - струки, воведување на дуалното образование и отварање на дуални паралелки кои овозможуваат да учениците преку практична работа кај работодавач стекнат практични вештини и станат конкурентни на пазарот на трудот. |
| Дневник за работа<br>Записник од родителски средби<br>Снимени материјали<br>Годишната програма на психолог<br>Годишната програма на педагог | Со родителите најчесто се комуницира со евидентните листови, преку родителските состаноци, одржување на заеднички работилници меѓу родителите, учениците и наставниците, учество на родителите во повеќе активности во училиштето. Педагошко-психолошката служба исто така се јавува и во улога на советодавен орган за оние родители кои и самите имаат тешкотии во однесувањето кај своите деца или пак чувствуваат немоќ во воспитното делување врз своите деца или пак напросто не поседуваат педагошки знаења за тоа како да постапуваат посебно во одделни деликатни воспитни ситуации, што значи релацијата ученик-професор-наставник се повеќе се зголемува и зацврстува. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Извештај за реализација на Годишната програма<br>Снимени и пишани документи | СОУ „Наум Наумовски-Борче” соработува со Домот на културата преку учество на нашите ученици во активностите кои ги организира истиот. Соработката со стопанските и нестопанските субјекти е преку реализација на практичната настава, при што се постигнува меѓусебна корист. Преку разгледувањето и усвојувањето на извештаите и годишните програми, локалната самоуправа директно е вклучена во воспитно-образовниот процес. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Пишани документи | Учениците од геолошко-рударската струка практичната настава ја изведуваат во рудникот за олово и цинк БУЛ-МАК Злетово - Пробиштип. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Пишани документи | Стручните паралелки од училиштето, голем дел од практичната настава ја изведуваат во стопанските субјекти во локалната заедница. |
| | Соработката на нашето училиште со другите училишта главно со одвива преку спортските натпревари меѓу |

| | |
|---|---|
| Снимени и пишани материјали | учениците за време на деновите на училиштата. Исто така оваа соработка се зацврстува и преку спроведување на многу проекти, учество на заеднички семинари, посета на основните школи за презентација на нашето училиште во завршните години и слично. Опременост на сите училници со компјутерска техника и набавка на лап топ за секој професор за подобар и поуспешен воспитно-образовен процес. |

# Самоевалуација на училиштето СОУ „Наум Наумовски – Борче”, Пробиштип

## Подрачје 5: Училишна клима клима и односи во училиштето

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Прашалник за наставници | Елизабета Мијалчева<br>Бранка Арсовска<br>Ѓоко Антониев<br>Југослав Јакимовски<br>Благој Величков | Постојано се почитува и се прифаќа примерното однесување кај сите ученици без разлика на верската заедница и националните малцинства. Дека наставниците знаат да ги ценат сите без разлика на полот на учениците, од 44 анкетирани наставници, 90% одговориле со се согласувам.<br>Училиштето е добро одржувано и пријатно место, примамливо за поминување на времето. Од 44 анкетирани наставници 89,7 % одговориле со се согласувам.<br>Дека последиците од прекрашување на училишните правила се фер, сите ги знаат и постојано се применуваат, од 44 анкетирани наставници, 90,58% одговориле со се согласувам. |
| Прашалник за родителите | Елизабета Мијалчева<br>Бранка Арсовска<br>Ѓоко Антониев<br>Југослав Јакимовски<br>Благој Величков | Во училиштето се почитувани секоја верска заедница и национални малцинства. Од 100 анкетирани родители 89,29% одговориле со се согласувам и 10,71 % одговориле незнам, односно немаат изградено став по истото прашање.<br>Во училиштето може, речиси на сите да им се верува, а учениците и персоналот се чувствуваат физички и психички сигурни. Од 100 анкетирани родители 85,21,% одговориле со се согласувам, 14,77% со делумно се согласувам.<br>Дека училишните правила и очекување се реални, практични, фер и важни за учениците и персоналот, од 100 анкетирани родители 87,50% одговориле со се согласувам. |
| Прашалник за учениците | Елизабета Мијалчева<br>Бранка Арсовска<br>Ѓоко Антониев<br>Југослав Јакимовски<br>Благој Величков | Во оваа училиште се почитувани сите ученици, вклучувајќи ги оние со пречки во развојот, различни националности и др. Од 100 анкетирани ученици 76,21% одговориле со се согласувам, 10,13% со делумно се согласувам, 13,66% со незнам.<br>Кога учениците од ова училиште ќе бидат во неволја, секогаш има некој да им помогне. Од 100 анкетирани ученици 89,97% одговориле со се согласувам.<br>Учениците се запознаени со училишните правила, тие им се поделени и се видно истакнати во училиштето. Од 100 анкетирани ученици 69,19% и 73,47% одговориле со се согласувам, а сосема е мал процентот дека не се согласуваат односно 7,64% и 10,54% . |

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со директорот | Елизабета Мијалчева<br>Бранка Арсовска<br>Ѓоко Антониев<br>Југослав Јакимовски<br>Благој Величков | Соработката на училиштето со пазарот на трудот е регулирано со склучување на меморандуми со стопанските субјекти. Во принцип барањата се големи, но училиштето не е во можност да одговори бидејќи барањата за одредени струки и образовни профили, како училиште, не можеме да ги задоволиме. За организирана соработка станува збор при организирање и реализирање на наставата учење преку работа за учениците од стручното образование. Таквите барања се прифатени и во голем дел ги задоволуваат критериумите за обострана соработка и реализација на квалитетна практична настава. Соработката во делот на вработувањата задоволува, и стопанските субјекти вработуваат завршени ученици кои ги имаат потребните стручните квалификации . |

## Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>✓ Постигнати резултати на учениците на организираните натпревари<br>✓ Изготвени критериуми и инструменти за следење на работата на предметните наставници<br>✓ Соработка и комуникација со родителите<br>✓ Зацврстување на меѓусебното почитување и доверба помеѓу сите активни чинители во училиштето<br>✓ Користење на ЛЦД проектори, набавка на компјутер за секој ученик како и набавка на лап топ за секој професор<br>✓ Соработка со повеќе субјекти во општината, меѓу кои полициската станица, црвен крст, регионалните основни училишта, центарот за социјална работа, здравствениот дом, советодавна група на граѓани, невладините организации и локалната самоуправа<br>✓ Успешна комуникација како и градење на поволни меѓучовечки и меѓуетнички односи помеѓу сите субјекти во училиштето |
| **Слабости**<br><br>✓ Непотребно и неоправдано отсуствување од настава<br>✓ Недоволен број на наставни средства и помагала<br>✓ Недоволна свесност на ученикот за своите постапки<br>✓ Недоволно прифаќање на советите, незадоволството и предлозите од учениците, согледувања како нови можности или како потсетник, за наставниците и раководниот кадар |

## Подрачје 5: Училишна клима клима и односи во училиштето

| Анализа на резултатите<br>(Подетална евалуација на подрачјето Училишна клима и односи во училиштето) |
|---|
| Во училиштето, односот меѓу учениците и наставниците, традиционално како и секогаш се базира на меѓусебно почитување, чувство на сигурност, ефикасна работа и взаемна одговорност. Бројот на ученици од различно етничко потекло е мал и воопшто не се чувствува разлика во почитувањето на учениците од различно етичко потекло или различен пол. Во нашето училиште редовноста е еден од поважните фактори на кој треба треба силно и навремено да се влијае за подобрување, а резултатите со педагошки мерки и навремени совети се видливи. Училиштето е отворено за надворешни лица преку реализација на практична настава, соработката со здравствениот дом, основните училишта, соработка со полицијата, со црвен крст, со советодавната група на граѓани, соработка со центарот за социјална работа, како и соработка со локалната самоуправа и невладините организации. Учениците се активни во работата во училиштето и во соработката со стопанските субјекти. Меѓусебното почитување и резултатите што ги постигнуваат учениците на зонските и републичките натпревари, овозможуваат наставниците и учениците да бидат горди на своето училиште. Во училиштето се подготвуваат драмски изведби, пригодни приредби, имаме web страна на интернет, има промоција и издавање на учебници од повеќе професори од нашето училиштеи нивна употреба во наставата. Сите ученици се еднакви во поглед на третманот што го добиваат и имаат еднакво право на учество во сите активности. За подобрување на квалитетот во работењето, во училиштето постојат изготвени критериуми и инструменти за следење на работата на предметните наставници. Од анализите на успехот и постигнувањата на учениците како и од извештајот за реализација на Годишната програма се заклучува дека голем број од отсуствата на учениците од настава се непотребни и неоправдани, причина за тоа се оправдувањата на отсуствата од страна на родителите и лесно издаваните медицински белешки од страна на здравствените организации и затоа сметаме дека е потребно едуцирање на наставниците и родителите преку заеднички трибини и предавања, а од друга страна потврдена е потребата од училишен лекар на ниво на општината. За да редовноста на учениците биде на уште поголемо ниво како битен фактор за подобрување на квалитетот на наставата, сметаме дека можеме уште повеќе да ја подобриме со зголемувањето и подобрувањето на квалитетот на комуникацијата на релација наставници-ученици-родители, како и педагошко психолошка служба - здравствени организации - социјални установи. Опременост на сите училници со компјутерска техника и нивна примена во наставата, како и обезбедување на лап топ за секој професор, ќе придонесе за успешно функционирање на средношколската младина, т.е. адолесцентите и ќе придонесе во формирањето на млада, успешна и креативна личност која ќе биде конкурентна на пазарот на трудот. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>✓ Набавка на наставни средства и помагала<br>✓ Воспоставување на хармонична средина во која може непречено да се реализира воспитно - образовната работа и да се постигаат предвидените цели и резултати. Почесто користење на ИКТ од страна на професорите за пооуспешен и поквалитетен воспитно-образовен процес |

- ✓ Зголемување и подобрување на постигнувањата на учениците преку редовно одржување на додатната и дополнителната настава
- ✓ Зголемување и подигнување на поголемо ниво на безбедноста на учениците и наставниците во училиштето
- ✓ Употреба и користење на е-днивникот од страна на родителите за почеста и поголема контрола на нивните деца, т.е. наши ученици и нивна уште поголема вклученост и анимирање со сите новости во целокупниот воспитно - образовен процес

## Подрачје 6: Ресурси

| **Подрачје 6**<br><br>**Ресурси** | |
|---|---|
| **<u>Оддели во рамките на подрачјето</u>** | **<u>Теми</u>** |
| 6.1. Сместување и просторни капацитети | ▪ Просторни услови<br>▪ Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2. Наставни средства и материјали | ▪ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>▪ Училишна библиотека<br>▪ Потрошен материјал |
| 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар | ▪ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>▪ Ефективност и распоредување на кадарот<br>▪ Стручната служба како подршка на наставниот кадар |
| 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар | ▪ Професионален развој на наставниците |

| | |
|---|---|
| **6.5. Финансиско работење во училиштето** | ▪ Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>▪ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## Подрачје 6: Ресурси

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| 6.1. Сместување и просторни капацитети | ▪ **Просторни услови**<br>▪ **Искористеност на просторните капацитети** |
| Годишна програма за работа на училиштето | СОУ „Наум Наумовски-Борче” од Пробиштип располага со две училишни згради во кои се реализира теоретската настава во една смена, 1 машинска работилница за изведување на практичната настава во машинската струка, 2 спортски сали (едната во склоп на горната зграда и една новоизградена од МОН), 1 ракометно игралиште на отворен простор, Интернет библиотека сместена во посебна зграда специјално адаптирана за оваа намена и училишен двор.<br>Долната училишна зграда е во функција од 1972 година во која има вкупно 16 училишни простории од кои три се наоѓаат во подрумскиот дел и се користат како кабинети по ликовна уметност, географија и англиски јазик. Во оваа зграда 10 училници се опремени со компјутерска техника, 3 простории се користат како кабинети (биологија, информатика и физика), а останатите како класични училници.<br>Прозорите ѕе заменети со ПВЦ така што постојат добри предуслови за затоплување за време на грејната сезона.<br>Големината на училниците ги задоволува критериумите за изведување на настава.<br>Горната училишна зграда е изградена 1950 година и е од постар тип. Во зградата има 12 простории кои се користат како училници, просторија за училишна архива, машинска работилница и фискултурна сала со придружни простории. Три простории се сместени во подрумскиот дел, адаптирани во два кабинети и една училница и истите не одговараат во потполност на нормативот за училишен простор. Шест простории ќе се користат како кабинети и истите се опремени со компјутерска техника. Со иселувањето на училишната библиотека во новоадаптираната т.н. неврзана зграда и со оглед на недостатокот од простории за одвивање на наста- |

| | |
|---|---|
| | вата во една смена, едната просторија се користи како училница.<br>Поради проблемите што се јавуваат со затоплувањето во зимскиот период, особено лошото затворање на алуминиумските прозори во училниците, истите се заменети со ПВЦ.<br>Санитарните простории се санирани и одговараат на потребите, како на учениците, така и на наставниот кадар.<br>Во оваа учебна година наставата во СОУ „Наум Наумовски-Борче" во Пробиштип се реализира во една смена,<br>Постојните капацитети на училиштето можат да ги користат учениците и вработените. Училиштето располага со дворна површина од над 6 000 $m^2$, меѓутоа таа не е во целост оградена и хортикултурно уредена. поради што се уште има одредено движење на жители од локалната заедница што во незначителна мера влијае на наставата. Посебен проблем е собирањето на младата популација во ноќните часови за време на викенди и празници и оставањето на стаклена и пластична амбалажа. |
| **6.2. Наставни средства и материјали** | ▪ **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>▪ **Училишна библиотека**<br>▪ **Потрошен материјал** |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Евидентни листови за задолжување | Училиштето располага со доволен број на наставни средства и комјутери за успешна реализација на наставниот процес и соодветна стручна литература, соодветна просторија за библиотеката со Интернет читална.<br>Со иницијативата на МОН за издавање на учебници по предмети во стручното образование за кои досега не постоеле учебници во одредена мера е намален овој недостаток. Треба да се напомене дека се уште има недостиг од учебници како во гимназиското образование, спортската гимназија, како и во стручното образование, водејќи се од наставните планови, согласно концепцијата за модернизација на техничкото образование. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Евидентни листови за задолжување | Училиштето располага со библиотека сместена во посебна реновирана зграда соодветно уредена и опремена со нови полици за книгите и можност за користење како Интернет читална со пристап до безжичен Интернет. Библиотеката располага со книжен фонд од над 16 000 книги од лектирна, литературна и стручна област. Во последно време се набавуваат и современи светски наслови и белетристика. |
| Записници од одржани состаноци | На почетокот на учебната година секој стручен актив ги утврдува своите потреби и побарувања во однос на нагледни средства и потрошен материјал за кои секогаш постои потреба, а за нивната реализација одлучува Советот на родители и Училишниот одбор. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Дневник за рефлексија | Ефективноста и ефикасноста на употребата на наставните средства и материјали во наставата се следи преку посетата на наставните часови од страна на директоротт, педагогот и психологот во училиштето. Има голема застапеност на нагледни средства изработени од страна на самите ученици и предметни наставници. |
| **6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар** | ▪ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>▪ Ефективност и распоредување на кадарот<br>▪ Стручната служба како подршка на наставниот кадар |

<table>
<tr>
<td>Годишна програма за работа на училиштето<br>Извештај за реализација на Годишна програма на училиштето<br>Анализи за успех и поведение<br>Дневник за работа</td>
<td>Воспитно-образовната работа во СОУ „Наум Наумовски-Борче” во Пробиштип во учебната 2022/2023 година ја организираат и реализираат 44 наставника, педагог и психолог, директор. Стручната квалификација на наставниците одговара на Нормативот за изведување на настава пропишан од Министерството за образование и наука.<br>Со измените во наставните планови и програми во гимназиското и стручното образование, а особено со укинување на бројот на паралелки (машинска струка-III степен) дојде до намалување на наставните часови по одреден број на наставни предмети, што доведе до појава на недостаток на наставни часови кај одреден број на предметни наставници, кои делумно се ангажирани и згрижени во основните училишта во општината.<br>Севкупно земено редовноста и присутноста е на задоволително ниво и целиот раководен, стручно соработнички, наставен, административен и технички персонал е редовно присутен на работа во согласност со постоечките прописи. Се почитува работното време, а работните обврски се преземаат на време, одговорно и совесно. За отсутноста од работа, несовесното извршување на работните обврски и за одредени други негативни појави се расправа и се на дневниот ред на состаноците на Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор, Советот на паралелки, сѐ со цел да се покаже транспарентност во сузбивањето на овие појави.<br>За неоправданите случаи се постапува според одредбите од Законот за работни односи.</td>
</tr>
<tr>
<td>Годишна програма за работа на училиштето<br>Евиденција за вработени</td>
<td>Најголемиот дел од вработените во училиштето се со работно искуство, имаат соодветно образование и квалификации и се стручни за реализирање на своите работни задачи.<br>Работното искуство на наставниот кадар мерено со нивниот стаж би изгледал вака:<br><br>Преглед за учебната 2022-2023 година
<table>
<tr><th>Профил<br>Работен стаж</th><th>Општообразовен</th><th>Стручен</th><th>Практична настава</th></tr>
<tr><td>До 10 години</td><td>16</td><td>3</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Од 10 до 20 год.</td><td>8</td><td>1</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Од 20 до 30 год</td><td>13</td><td>1</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Над 30 години</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>37</td><td>5</td><td>2</td></tr>
</table>
<br>Преглед на старосната структура на наставниот кадар во учебната 2022/2023 година<br><br>
<table>
<tr><th>Години на старост</th><th>м</th><th>ж</th></tr>
<tr><td>60-64</td><td>5</td><td>0</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | 55-59 5 2<br>50-54 2 6<br>45-49 4 6<br>40-44 2 1<br>35-39 2 7<br>30-34 2 1<br>25-29 0 0<br>до 25 0 0<br>------------------<br>22 21<br><br>Од аспект на различното потекло би истакнале дека еден вработен е од влашко етничко потекло сите останати се Македонци. Вкупниот број на наставници се соодветни според пропишаните нормативи од Министерството за образование. |
| Пишани и снимени документи<br>Записници од одржани состаноци | Поддршката од колегите со повисока квалификација и стручност во однос на останатите пред се се состои во:<br>- помагање при совладувањето на некои проблеми од областа на компјутерската техника;<br>- помагање во изработка на нивните амбициозни проекти (помош од скенирање на слики, примена на е-дневник, издавањето на книги, ОЖВ и сл.);<br>- помагање при совладувањето на странски јазик, особено англиски;<br>- се ангажираат во проекти, се праќаат и на семинари за да ги пренесат своите искуства на останатите колеги. |
| Извештај за реализација на Годишната програма на училиштето<br>Анализи за успех и поведение<br>Дневник за работа<br>Записници од посета на часови<br>Наставни планирања | Оценката на вработените за нивната работа најчесто се состои во транспарентното истакнување на постигањата во Извештајот за реализација на Годишната програма за воспитно образовната работа на училиштето.<br>Постојано се следи работата на наставниците од страна на педагошко-психолошката служба и директорот преку посета на часови, увид во наставните планирања, користењето на ИКТ во наставата, изработката на наставно-нагледни средства и сл. |
| **6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | ▪ **Професионален развој на наставниците** |
| Пишани и снимени документи<br>Записници од одржани состаноци | За подобрување на стручните способности и знаења во согласност со современите текови во образованието во училиштето се планира професионален развој на наставниците кој соодветно се следи и од БРО. Се преземаат повеќе активности и обуки: онлајн курс за инклузивно образование, обука на тема Настава и учење во 21-от век, создавање иновативни училишта: подготвување на учениците за 21-от век, дисеминација на обука од областа на образование за животни вештини (ОЖВ), реализирани се обуки за употреба на информатичко-компјутерската технологија во наставниот процес, постојано посетување на семинари од одредени области, |

| | |
|---|---|
| | спроведување на стручни предавања преку невладини организации, интеграција на еко-стандардите во образовниот процес во нашето училиште во рамките на проектот ЕКО-училиште и сл. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Евиденција на училишна педагошка служба | Наставниците кои за првпат се вработуваат во образованието но и во училиштето се прифатени од раководниот тим и се води разговор за предизвикот што ги очекува. Вообичаено се претставени од директорот на училиштето кој вобичаено оди со нив на првиот час. Посетата и понатаму се продолжува се со цел да се создаде пријатна атмосфера за работа, но и да се укаже на негативностите доколку постојат. Постои план за акција за професионален развој на наставниците приправници со кој е предвидено менторирање. Имено на одреден број на наставници за одреден број на часови е предвидена посета од менторот. При тоа се дава потребната помош и сугестии за поуспешно водење на наставата. По поминувањето на рокот за менторирање (обично една година) лицето стекнува право за полагање на стручен испит, откако ќе се соберат мислења од менторот и ќе се подржи барањето од Наставничкиот совет. Училиштето го пријавува преку своите служби лицето приправник да полага стручен испит на една од предвидените сесии. |
| **6.5. Финансиско работење во училиштето** | ▪ **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>▪ **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
| Финансиски планови<br>Записници од состаноци<br>Годишен план за јавни набавки | Училиштето со преминувањето на Општина Пробиштип во втората фаза на децентрализација финансиските средства ги добива преку локалната самоуправа преку наменски сметки на општината. Исто така, училиштето располага со сопствена сметка на која се остваруваат приходи од самофинансирачки активности (од образување на вонредни ученици, издавање на новата спортска сала).<br>Финансиското работење на училиштето се планира со квартални и годишни финансиски планови, а се контролира преку анализа и усвојување на завршните сметки од страна на Училишниот одбор во кој членуваат претставници од сите инстанци вклучени во работата на училиштето.<br>Предвидените набавки во училиштето се реализираат во согласност со постоечкиот Закон за јавни набавки според кој се изработува Годишен план за јавни набавки. Овој план го разгледува и усвојува Училишниот одбор.<br>За секоја јавна набавка се формира соодветна комисија за нејзино реализирање. За одредени јавни набавки се користи и ЕСЈН (електронски систем за јавни набавки), за објавување на огласи, односно за спроведување на е-аукција. Со користењето на е-аукцијата се настојува да се намали првично понудената најниска цена и да се врши заштеда на планираните финански средства, односно нивна пренамена за други потреби. |
| Записници од состаноци<br>Пишани документи (извештаи за завршна сметка) | Училишниот буџет и трошоците јавно се истакнуваат во училиштето, а посебно се анализираат на состаноците на Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор, а додека во Локалната самоуправа ги анализираат и ги усвојуваат. |

`

## Подрачје 6: Ресурси

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Анкета за наставници | Ванчо Арсов<br>Оливера Манева<br>Билјана Петрушева<br>Даниела Заовска<br>Дејан Трајковски | Дека училиштето е оградено за да се спречи пристап на неовластени возила и лица, од 44 анкетирани наставници 56,45% одговориле со се согласувам, со не се согласувам 5,11%, а додека 38,44 % одговориле не знам, односно немаат изградено став по однос на тоа прашање.<br>Дека зградите се опремени со ПП апарати и соодветни хидранти, од 44 анкетирани наставници 77,3 % одговориле со се согласувам.<br>Дека влезот на посетителите и непознатите лица од надвор во дворот е контролиран, од 44 анкетирани наставници, 31,21 % одговориле со се согласувам. |
| Анкета за родители | Ванчо Арсов<br>Оливера Манева<br>Билјана Петрушева<br>Даниела Заовска<br>Дејан Трајковски | Дека училишните згради се во добра состојба, 71,5% одговориле со се согласувам.<br>Дека учлниците се во ред и соодветствуваат на наставните планови и програми, од 100 анкетирани родители, 78,14% одговориле со се согласувам. |
| Анкета за ученици | Ванчо Арсов<br>Оливера Манева<br>Билјана Петрушева<br>Даниела Заовска<br>Дејан Трајковски | На прашањето дали во ова училиште лесно може да влезат ученици и други лица, од 100 анкетирани ученици 73,4% одговориле со се согласувам.<br>На прашањето дали сметаш дека треба да има видео надзор во училиштето од 100 анкетирани ученици 42,56% одговориле со се согласувам. |

## Подрачје 6: Ресурси

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Ефикасна и ефективна употреба на наставно-нагледните средства и потрошниот материјал<br>✓ Предметните наставници имаат големо работно искуство и соодветни стручни квалификации, и се доволно стручни и обучени за реализирање на квалитетна воспитно-образовна работа<br>✓ Транспарентност на резултатите и постигањата на предметните наставници<br>✓ Посветување на посебно внимание кон приправниците<br>✓ Постојано подобрување и надоградување на материјално-техничките ресурси<br>✓ Постоење на нова современа библиотека со Интернет читална<br>✓ Целосно користење на новата фискултурна сала за потребите на спортската гимназија и редовна настава по предметот Спорт и спортски активности<br>✓ Редовна контрола и сервисирање на топловодниот систем<br>✓ Намалена е потрошувачката на гориво за затоплување<br>✓ Создавање услови за едносменско работење<br>✓ Постојана грижа за компјутерската опрема и Интернет мрежата |
| **Слабости**<br>✓ Неквалитетни и застарени подни површини во одредени училници<br>✓ Непостоење на хидрант кај двете училишни згради и новата фискултурна сала<br>✓ Нецелосно ограден и хортикултурно уреден училишниот двор<br>✓ Недоволен број на современи наставни помагала и нагледни средства<br>✓ Слаб квалитет на интернет мрежата<br>✓ Непостоење на електронски систем за влез и контрола во горната геолошка зграда<br>✓ Неконтинуиран професионален развој на наставниците |

## Подрачје 6: Ресурси

| **Анализа на резултатите**<br>**(Подетална евалуација на подрачјето Ресурси)** |
|---|
| Училиштето располага со доволен и задоволителен капацитет на човечки ресурси, бидејки бројот и капацитетот на наставниот кадар ги задоволува сите критериуми. Се изведува настава според сите пропишани норми од МОН, при што редовноста и присутноста на сите вработени е на задоволително ниво. Постои взаемна соработка и помагање помеѓу вработените. За зголемување на стручните способности кај вработените се води посебна грижа, но сепак има потреба од поголем број на семинари и обуки за професионално усовршување. Финансиското работење во училиштето е планирано на квартали и годишни планови и се контролира преку анализа и усвојување на завршни сметки. Со процесот на децентрализација и финансиско осамостојување на нашата општина се соочуваме со постојана контрола и редукција на потребните финансиски средства, поради што е потребно да се размислува за развивање на некои дејности од кои би можело да се остваруваат сопствени приходи (отворање на нови профили за образование за возрасни). Училиштето располага со две училишни згради. Инвентарот во архивата е стар и несменет од самото формирање на училиштето. Книгите и лектирните изданија не ги задоволуваат барањата на учениците, поради промените на наставните планови и програми. Дворната површина, која е со површина од над 6000 $m^2$ хортикултурно е неуредена, косините се ерозивни, а поради тоа што сеуште не е оградена во целост, поради што сеуште има одредено движење на жители од локалната заедница што во незначителна мера влијае на наставата. Посебен проблем е собирањето на младата популација воноќните часови за време на викенди и празници и оставањето на стаклена и пластична амбалажа. при што се загадуваат површините и се уништуваат тревниците и младите садници. Најголем проблем претставува спортското игралиште кое се користи од градската младина која во голем дел одржува спортски натпревари за време на наставата, а поради тоа се јавува потреба од оградување на игралиштето со посебен влез за учениците и посебен влез за градската младина. За користење на современа стручна литература потребно е обука на наставниците за странски јазици и ИКТ, со што наставниците би биле во чекор со најновите достигнувања во нивните области. За постојана и целосна примена на е-дневникот потребно е постојано одржување и подобрување на квалитетот иа интернет мрежата. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>✓ Адаптација на училници за изведување на кабинетска настава<br><br>✓ Искористување на соларната енергија за затоплување и осветлување<br><br>✓ Хортикултурно уредување на училишниот двор<br><br>✓ Целосно оградување на училишниот двор |

**Подрачје 7**

**Управување, раководење и креирање политика**

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- Управување и раководење со училиштето
- Цели и креирање на училишната политика
- Развојно планирање

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| Статут на училиштето<br>Годишна програма за работа на училиштето | Со училиштето раководи директор Снежана Насевска. Надзор и управување врз работата и вкупните активности на училиштето имаат Училишниот одбор и Советот на родители. Застапеноста по пол во Училишниот одбор е шест жени и шест мажи, а во советот на родители има три жени и шест мажи. Во двата органа претставниците се од македонско етничко потекло. |
| Статут на училиштето<br>Годишна програма за работа на училиштето | Во училиштето постои правилна поделба на трудот каде што јасно се дефинирани надлежностите за управување, односно секое од раководните лица точно знае кои се неговите надлежности, улога и задачи, дефинирани со акти донесени од органот на управување. |
| Пишани документи во документација на директорот | Раководниот тим прави договарање за состанокот, подготвува дневен ред, расправа по дневниот ред актуелен за времето на решавање на проблемите кои се од решлива природа. Во колку некој проблем е нерешлив во моментот, тогаш соработува и со институциите од системот на образованието и Локалната самоуправа. Комуницира по телефон, електронски по е – mail, разменува информации и податоци, преку Одделението за општествени дејности при Локалната самоуправа воспоставува контакт со надлежните органи и организации, комуницира со Бирото за развој на образованието. Сите договарања се прават од отворен тип, достапни за секој вработен во училиштето, учениците и родителите, со следење и почитување на сите препораки и упатства од Министерството за образование и наука. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Записници од одржани состаноци | Раководниот тим одржува состаноци според Годишните програми за работа на соодветните тела и тоа: пред почетокот на учебната година, месечно, на тромесечие, на полугодие и на крајот на наставната и учебната година. Вонредните состаноци се одржуваат по потреба од било каква природа, насочена кон активностите за училиштето. Состаноците се водат според однапред изготвен дневен ред, а присуството на истите е задолжително. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Записници од одржани состаноци | Учениците имаат влијание на раководењето на училиштето преку Училишната заедница и Советот на родители, а за преземените активности се известуваат преку соопштенија за време на класните часови или преку соопштенија на огласна табла. Одлуките на раководниот тим се разгледуваат и на состаноците на Наставничкиот совет, ги усвојува органот на управување. |
| Статут на училиштето<br>Кодекс за однесување на учениците<br>Кодекс за однесување на наставници<br>Кодекс за оценување<br>Кодекс за однесување на родителите<br>Кодекс за однесување на директорот | Училиштето има донесено акти со кои се регулирани нормите за однесување на учениците, како и педагошките мерки кои следувааат за недолично однесување. Исто така училиштето, освен што има донесено Кодекс за однесување на учениците, има донесено и Кодекс за однесување на наставниците, Кодекс за однесување на родителите, Кодекс за однесување на директорот како и Кодекс за оценување. |
| Годишна програма за работа на училиштето | Креатори на училишната политика се самите наставници, со директорот, Одделението за општествени дејности при Локалната самоуправа, претставници од Стопанската комора, приватниот бизнис сектор, менаџери на приватни прет- |

| | |
|---|---|
| Записници од одржани состаноци | пријатија, агенции за вработување, посредници при вработување, на состаноци организирани од страна на директорот. |
| Пишани документи во документација на директорот<br><br>Евиденција на училишната педагошко – психолошка служба | Сите заинтересирани субјекти се информирани точно и навремено. За учениците информирањето се прави преку соопштенија по класови или пред сите ученици заедно, потоа преку класните раководители на класен час и преку други наставници за сите активности што се одвиваат во училиштето и надвор од него. Родителите се информираат во детали за секој ученик преку класните раководители, директорот и педагошко-психолошката служба, потоа преку телевизија на локално ниво, веб страната на училиштето, преку флаери, памфлети, плакати, соопштенија на огласна табла, како и преку е-дневникот, преку кој родителите во секој момент се информирани за успехот, редовноста и активностите кои што се одвиваат во училиштето и надвор од него. Сите заинтересирани субјекти се информираат за успехот, редовноста и дисциплината на учениците, а наставниците за финансиското работење на училиштето и одлуките што ги донесува Училишниот одбор и Советот на родители. Со опремувањето, односно осовременувањето на училишната библиотека и преуредувањето на нејзиниот простор, се создадоа услови за одржување на трибини, работилници, како за потребите на училиштето така и за потребите на пошироката средина, набавувањето на современа и стручна литература создаде можност да учениците истата ја користат како читална и за електронско пребарување на податоци. |
| Пишани документи во документација на директорот<br>Евиденција на училишната педагошко – психолошка служба<br>Статут на училиштето | За унапредување на здравјето на учениците се организираат предавања за хигиената на учениците и одржување на истата во училишната, семејната и општествената средина, од страна на стручни лица. Заводот за здравствена заштита врши редовен преглед на вработените, редовна вакцинација на учениците, редовна дезинфекција на сите простории, и оддржување на санитарни јазли во училиштето. |
| Записници од одржани состаноци<br>Дневник за работа | На состаноците на Наставничкиот совет, а врз основа на извршената анализа на успехот, директорот дава насоки за организирање на дополнителна настава, индивидуални средби со учениците, се со цел подобрување на успехот, редовноста и воопшто квалитетот на работење на училиштето. |
| Годишна програма за работа на училиштето | Наставата се изведува на македонски наставен јазик. За настава на друг наставен јазик нема заинтересирани ученици. |
| Годишна програма за работа на училиштето | Одговорноста за Годишното планирање е на Директорот, во соработка со педагошко-психолошката служба, раководителот на смена, претставници од стручните активи и работен тим од училиштето. Се разгледува на состаноците на Наставничкиот совет и се даваат предлози за дополнување и евентуални измени до Училишниот одбор. Долгорочното планирање е предвидено во планот за развој. |
| Извештаи за реализација на Годишната програма на училиштето<br>Пишани документи во документација на директорот | Со анализа на Извештајот од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето, како и врз основа на укажувањата од Одделението за општествени дејности при Локалната самоуправа и Министерството за образование и наука, бројот на учениците, бројот на паралелките, бројот на наставниците и просторните услови, се планираат активностите во училиштето. |
| Извештаи за реализација на Годишната програма на училиштето<br>Анализи за успехот и поведението | Во најголем дел реалноста на планирањето се обезбедува преку реализирани анкети: SWOT – анализа и истражувања на вработените и учениците. Напредокот се следи преку годишните анализи и извештаи за успехот, редовноста и дисциплината на учениците. |

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Интервју со Директорот | Јонче Ѓоргиев<br>Македонка Јовева<br>Марија Серафимова<br>Роберт Младеновски | Според составот на органите и телата на управување и раководење, застапеноста на обата пола е приближно иста, иако при нивниот избор не е водено посебна сметка за половата застапеност во органите и телата.<br>Поставеноста на органите и телата за управување и раководење е таква што секогаш е можна хоризонтална и вертикална комуникација. Тоа посебно се забележува од заклучоците кои се донесувани на состаноците кои лесно се имплементираат кај наставниците, учениците и родителите.<br>Долгорочното планирање за развој на училиштето се базира на постојните училишни документи (Годишна програма за работа на училиштето, Статутот на училиштето и Анализи на успехот и постигнувањата). Истовремено со анкетирање на учениците, наставниците и родителите за потребните развојни активности се согледуваат потребите на училиштето за развој. Од овие согледувања раководниот тим и тимовите за изработка на проекти изработуваат Развоен план со потребните активности. |
| Анкета за наставници | Јонче Ѓоргиев<br>Македонка Јовева<br>Марија Серафимова<br>Роберт Младеновски | Од спроведената анкета со наставниците, а во врска со работата на директорот на училиштето може да се заклучи дека истиот поседува низа важни особини и нтерперсонални вештини, вклучувајќи праведност, способност за креирање поверение, мотивација и поттик и има јасна визија за развојот на училиштето. Тој е објективен во вреднување на квалитетот на професорите и нивниот придонес во работата со училиштето, поседува одредено ниво на личен кредибилитет, професионална компетенција и посветеност кон работата. Од анкетата се заклучува дека сепак е потребна поголема поддршка од страна на членовите на раководниот тим и поголема одлучност во донесување на комплексни одлуки за училиштето. Директорот го става во преден план учењето и постигањата на учениците и одржува добри односи со учениците, родителите, вработените и установите со кои училиштето соработува. |

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Јасно дефинирани надлежности за раководење и администрирање<br>✓ Почитување на постоечките документи во врска со дисциплината, поведението, насилното однесување и дискриминацијата<br>✓ Вклученост во планирањето на сите релевантни субјекти<br>✓ Соодветно координирање според ново настанатите потреби и актуелности на пазарот на трудот и општествените потреби<br>✓ Креирање на политика за привлекување на ученици од соседните општини и отварање на нови и атрактивни струки |
| **Слабости**<br>✓ Недоволно средства за хигиенско - техничка опременост<br>✓ Намалување на бројот на ученици, што условува појава на технолошки вишок кај вработените<br>✓ Недоволна поддршка од членовите на раководниот тим |

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

## Анализа на резултатите
## (Подетална евалуација на подрачјето Управување, раководење и креирање политика)

Во нашето училиште постои раководен тим (Директор, педагошко – психолошка служба) кои во соработка со Училишниот одбор и Советот на родители (успешно) ја раководат целокупната работа во училиштето. Јасно дефинирани цели и прифатеноста на истите од страна на сите вработени во училиштето овозможуваат зацртаните задачи да ги извршуваме редовно, навремено и успешно. Отвореноста во работата и комуникацијата, како и флексибилноста кон настанатите ситуации и проблеми, овозможува добро справување и решавање на сите проблеми. За успешност во раководењето во нашето училиште придонесува и соодветната педагошка и друга документација, уредно подготвувана и почитувана во врска со нејзиното реализирање. Сепак, потребен е поголем професионален однос и ангажирање на членовите на раководниот тим, одговорност и поголема соработка со наставниците, како и поголема транспарентност во работата. За навремено и успешно завршување на обврските придонесува и отворената соработка со надворешните и внатрешните субјекти во училиштето. Хигиенско - техничките услови во училиштето се битен фактор за успешно одвивање на воспитно – образовниот процес. Постојаната грижа на раководниот тим за здравјето на учениците и вработените преку разни форми на информирање, како и одржување на високо ниво на хигиенски услови, придонесува за нормално одвивање на наставата. Тука мора да се напомене дека сепак финансиските средства се битен фактор околу постигнувањето на задоволително и квалитетно ниво на воспитно – образовниот процес, хигиената и останатите чинители на воспитно – образовниот процес воопшто.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ✓ Набавка на хигиенско – технички средства
- ✓ Планирање и креирање на политика за отварање на нови и атрактивни струки со цел за зголемување на бројот на ученици
- ✓ Зголемување на можностите за сопствени приходи во соработка со Локалната самоуправа
- ✓ Посветување на поголемо внимание на учениците кои постигнуваат завидни резултати за училиштето
- ✓ Подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците
- ✓ Зајакнување на соработката со стопанските субјекти во општината